ГРАД СКОПЈЕ
СЕКРЕТАР

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-1110/0
Бул. Илинден 82
1000 Скопје
www.skopje.gov.mk

тел: 02/ 3 297 281

Наш број: 09-7356/1
23. 07. 2021
Скопје

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/2019 и 14/2020), Секретарот на Град Скопје, донесе

**ОДЛУКА**
за избор на кандидат по интерен оглас

1. За извршител на работното место **Советник за подготовка на материјали и документи за изградба на инфраструктурни и комерцијални (капитални) објекти**, шифра УПР0101В01000, на ниво В1, Одделение за изградба на инфраструктурни и комерцијални (капитални) објекти, Сектор за планирање и уредување на просторот, се избира кандидатот **Галена Миљовска Поповска.**
2. Именуваниот ќе биде унапреден на работното место од претходната точка, по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе решение за унапредување.
3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

На ден 12.07.2021 година на интернет страницата на Град Скопје и Агенцијата за администрација, Град Скопје објави интерен оглас бр.10/2021 за пополнување работно место со унапредување.

Комисијата за селекција за унапредување, формирана со Решение на Секретарот на Град Скопје бр.09-6842/6 од 20.07.2021 година ја спроведе административната селекција и по спроведеното интервју со Секретарот на Град Скопје, изготви финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат, во којашто за работното место Советник за подготовка на материјали и документи за изградба на инфраструктурни и комерцијални (капитални) објекти, шифра УПР0101В01000, на ниво В1, Одделение за изградба на инфраструктурни и комерцијални (капитални) објекти, Сектор за планирање и уредување на просторот, и предложи на Секретарот на Град Скопје да го избере кандидатот Галена Миљовска Поповска.

Врз основа на горенаведеното, Секретарот на Град Скопје изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право во рок од 8 дена да поднесе жалба до Агенцијата за администрација.

**ДОСТАВЕНО ДО:**
- Избраниот кандидат,
- Сектор за управување со човечки ресурси,
- Архивата.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАД СКОПЈЕ - СКОПЈЕ
QYTETI I SHKUPIT - SHKUP REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

**Град Скопје**
**Секретар**

**Викторија Аврамовска Мадиќ**